

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.19, МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2020

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА ОД ГРАДСКИ БАЗЕН ДО КАВДАРЕЧКИ ДОЛ ВО КАВАДАРЦИ



Инвенститор: ЈП Комуналец , заем од KfW Банка за развој од Германија и сопствени ресурси на Република Северна Македонија преку Министерството за транспорт и врски
Изведувач: Здружение за заеднички настап Жикол Дооел Струмица и Градба Промет Доо Кавадарци
Буџет: 619 000 евра поволен кредит , 250 000 евра грант
водоводни линиии во градот. Старата азбестно цементна линија се заменува нова дуктилна ф400. На истата линија е изработена секундарна линија на која се извршени приклучоци за објектите. Паралелно со ова се врши реконструкција и на канализациона линија на овој потег комплет со приклочоци за објектите.На ден 27.01.2020 од страна на Градба Промет, како изведувач, беше извршен приклучок на ново изведената водоводна линија ф400 (дуктил) , со веќе постоечката водоводна линија Ф500 (челична). Целиот зафат (работа) беше проследена под надзор од страна на ЈП Комуналец, како одговорен орган на целата водоводна линија во град Кавадарци.
После завршувањето на работите започнува гаранцијата од 12 месеци на оваа линија која ја дава изведувачот . После ова ЈП Комуналец го превзема комплетниот надзор и

## ВЕЛОСИПЕДСКО-ПЕШАЧКА ПАТЕКА

Пешачка патека во должина од четири километри започна да се гради од селото Ваташа до Моклиште. Жителите на Ваташа, но и кавадарчани ќе добијат идеален проект за рекреација и безбедно движење. Патеката ќе биде целосно осветлена, а ќе ја користат и велосипедистите кои постојано се движат во овој дел.„Станува збор за еден крупен проект со големо значење за општина Кавадарци. Објектот е со спортско-рекреативен и туристички намени. Патеката почнува од Ваташа а завшува до воденицата во Моклиште која датира од 15 век. Самата патека содржини повеќе содржини, споменикот на 12 ваташки младинци, браната Моклиште и воденицата“ вели градоначалникот на Кавадарци, Митко Јанчев.Тој нагласи дека вкупната инвестиција е вредна околу 35 милиони денари, а се очекува изградбата да заврши за три месеци.„Ова е еден од 200- та проекти кои се реализираат со поддршка од програмата за рурален празвој преку МЗШВ. Сите овие проекти се со вредност од 38 милиони денари. Ова што го видовме овде е една прекрасна природа, која ќе даде живот и за локалното население и ќе помогне за рекреативно движење. За поздравување е тоа што е направен еден ваков проект од општината бидејќи се размислува за заживување на руралните средини“ истакна министерот за земјоделство Трајан Димковски.Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка на развојот на земјоделството, Николче Бабовски рече дека покрај изградбата на пешачката патека до Моклиште, ќе се реализираат и други проекти за рамномерен развој„Од програмата за рурален развој во општина Кавадарци ќе се реализираат 4 проекти со вредност од 50 милиони денари кои се од витално значење за населението. На овој начин овозможуваме рамномерен развој и достоинствени услови за живот и услови за развој на локалната економија“ нагласи Бабовски.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## НОВИ ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ

Позитивното искуство од функционирањето на првиот подземен контејнер резултираше со одлука за нови платформи за подземни контејнери.
Општина Кавадарци и ЈП„Комуналец“ денеска започнаа со реализација на проектот за пет нови подземни контејнери на локации во строгиот центар на улиците„Илинденска“ и„Мито Хаџи-Василев“ .
Првиот ќе се гради пред зградата на водостопанство„Тиквешко поле“, каде започнаа градежните работи.
Во оваа фаза подземни контејнери ќе има и на локациите спроти„Стопанска банка“ на улицата„Мито Хаџи-Василе“, потоа кај сендвичарата„Мерлин“, кај„Сенатор“ и под„Тутунска банка“ сите на улицата„Илинденска“.
Платформите ќе бидат со различна големина а на нив ќе се поставаt, дваt, три или четири контејнери. Изведувач на работите е фирмата„Метал Апостолов“ од Кавадарци.
Овој систем на прибирање на смет во развиоените земји е широко распространет и покажува повеќе предности, пред се од екологијата.









## СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ВО ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА



ООпштината Кавадарци преку оперативата на ЈП„Комуналец“ започна со поставување на подземен систем за полевање на горното ниво во„Паркот на Револуцијата“.
Се постави линија од ПВЦ црево со стандарден профи од 3/4 Цол, во должина од 200 метри, на која ќе бидат поставени и 14 распрскувачи за полевање на тревата и растенијата во тој дел на паркот.
Во наредниот период ќе се изврши подготовка на целокупната површина за сеење трева како и за обновување на вегетацијата, со кастрење на постојната, како и садење на нови дрва и нискостеблести растенија.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## ВОДОВОДНА МРЕЖА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО С.СОПОТ



Општината Кавадарци започна со реализација на нов комунален проект. Ангажираната оператива на фирмата „ВОД-ВАР" Инженеринг од Скопје работи на реконструкција на водоводна мрежа и линии на атмосферска канализација на улици во селото Сопот.
Станува збор за проект во износ од 16.914.631 денари, пари кои се наменети за подобрување на подземната инфраструктура во оваа интензивна рурална средина.
Овој значаен и сериозен комунален проект општината го реализира на барање на жителите од селото Сопот.

## ДВЕ НОВИ ФАСАДИ

Започнаа градежните работи за обнова на фасадите на две згради во центарот на Кавадарци. Согласно проектот се врши интервенција за санирање на сачокот, замена на олуците, како и крпење и фарбање на фасадите на зградата на „Тиквешко поле" и на зградата позната како „полициска" и ХЕЦ", која е во продолжение на зградата на „ЗОИЛ". И двете згради се наоѓаат на улицата „Илинденска" во трговско пешачката зона. Општината овој проект започна да го реализира минатото лето со зафат на дел од зградата на Домот на културата „Иван Мазов-Климе". Досега целосно се обновени 10 фасади, а во моментот се работи на единаесеттата и дванаесеттата фасада. До крајот на проектот ќе остане да се обнови задната-јужна фасада на зградата на Општина Кавадарци. За оваа намена општината инвестира 5.361.793 денари, а парите се обезбедени од буџетот. Изведувач на работите е кавадаречката фирма „Метал Апостолов".







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## КАТАСТАР НА НИСКОНАПОНСКА МРЕЖА





Општината Кавадарци во соработка со средното општинско училиште „Киро Спанџов-Брко" започна со прибирање на податоци за креирање катастар на нисконапонската мрежа од јавното улично осветлување.Во акцијата се вклучени стручните служби на општината заедно со наставниците и учениците од електро насоката во училиштето. Тие поделени во тимови во наредниот период поединечно ќе ги фотографираат и евидентираат на мапа бандерите, металните столбови, електричните водови и светлечките тела на целата улична мрежа. Прибраните материјали од терен ќе се внесат во единствената електронска база на податоци. За реализација на овој значаен проект општината и училиштето потпишаа меморандум за соработка во кој се дефинирани целите, начинот и условите за спроведување на постапката.Крајниот резултат ќе ја даде моментната состојба со мрежата на уличното осветлување. Ќе го прикаже расположивиот број на бандери, канделабри, водови и сијалични места. Општината ќе изврши нумерирање и означување со број на секоја бандера и столб, ќе ја знае должината на водовите каки и формата, јачината и типот на секоја светилка.Во наредната фаза е предвидено и вградување на електронски мониторинг систем кој ќе ја следи работата и исправноста на нисконапонската мрежа од јавното улично осветлување. Тоа ќе овозможи прецизно и навремено лоцирање на дефектите, како основа за нивно брзо и стручно отстранување.

## НОВИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ НА 7 УЛИЦИИ СИТЕ КРУЖНИ ТЕКОВИ

Општината Кавадарци започна со поставување на нови сообраќајни знаци како дел од проектот за решавање на сообраќајот за еднонасочно движење на седум улици во градот.
Во оваа фаза од проектот ќе се постават 159 знаци и 200 столбови како дел од вертикалната патна сигнализација.
Паралелно со ова општината прку ангажираната оператива на специјализираната фирма „БОЈТА инг" од Скопје поставува и 24 светлечки табли со панели за регулација на движењето на сите кружни текови во градот.



## НИСКОНАПОНСКА ЛИНИЈА ВО ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА

Општина Кавадарци преку надлежната служба за одржување на Јавното улично осветлување, започна со поставување на нова нисконапонска линија од системот на уличното осветлување, во горното ниво на „Паркот на Револуцијата".
Во оваа фаза под земја се постави кабел во должина од 200 метри, како дел од проектот за подобрување на јавното осветлување во паркот. Оваа нова мрежа ќе овозможина поставување нови канделабри кои како надополнување на напостојните значително ќе го подобрат јавното осветлување во паркот кој е омилено место за одмор на кавадарчани.



## СРЕДНОШКОЛЦИ ЗАСАДИЈА ПОВЕЌЕ ОД 150 ДРВЦА НА СЕВЕРЕН БУЛЕВАР ВО КАВАДАРЦИ



Средношколци од Земјоделско шумарското училиште од Кавадарци засадија повеќе од 150 дрвца на Северен булевар во Кавадарци. Директорот Горан Велковски нагласи дека акцијата е во соработка со локалната самоуправа, а целта е прочистување на воздухот и да се облагороди просторот со зелени површини.

Александра Петрова, професор по практична настава, информира дека садниците „копривка", кога се пораснати имаат убави крошни, одговараат на нашата клима и се идеални за сушни периоди.
Начинот на пошумување, овие ученици од шумарската струка го изучуваат и како дел од наставниот процес.
– Тоа особено важи за практичната настава. Се одлучивме за „копривка" бидејќи сметаме дека е најприлагодлива за дрвореди на овие наши простори. Лете издржува суша, а зиме не мрзне. Овој дрворед во иднина ќе биде своевидна заштитна зона, додаде професорот Ќиро Спиров.
Во планот на училиштето редовно се планираат и пошумувања на повеќе локации во градот и околината.









# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**БЕСПЛАТНА ГРАДИНКА ЗА ДЕЦАТА РОМИ УШТЕ ВО ТРИ ОПШТИНИ**

Во програмата „Инклузија на деца Роми во предучилишното образование“ се вклучуваат и општините Неготино, Струмица и Кавадарци, со што престојот на децата во градинките ќе биде ослободен од партиципација, за децата чии семејства се во социјален ризик, соопшти Министерството за труд и социјална политика.

Над 450 деца Роми се веќе ослободени од плаќање партиципација за посетување градинка, како резултат на заложбите на Владата и Министерството за системско решавање на ова прашање. Ослободувањето го прават локалните самоуправи врз основа на блок-дотации коишто ќе ги добијат од Министерството за труд и социјална политика.

„Целта на ослободувањето од партиципација е еднаква вклученост на сите деца во предучилишното образование, бидејќи раниот детски развој е многу важен за понатамошниот развој и едукација на секој поединец. Со цел да се обезбеди квалитетен ран детски развој, изминатите две и пол години континуирано се работеше на јакнење на предучилишното образование. Инвестирано е во вкупно 43 градинки, а истовремено се зголемуваат и професионалните компетенции на воспитувачите, преку различни програми, но и со зголемување на платите. Само во текот на минатата година платите на вработените во градинките се зголемени за 26 проценти“, велат од МТСП.












14.02.2020
ПЕТОК

ДЕНСКА ПРОГРАМА

13:00ч. **ТРАДИЦИОНАЛНО ЗАКРОЈУВАЊЕ НА ВИНОВАТА ЛОЗА**

13:30ч. **АКУСТИКО ЛАЈТ**

14:30ч. **ТРИО МАЊИФИКО**

15:30ч. **ФОЛКЛОР АНСАМБЛ ТИКВЕШ**

ВЕЧЕРНА ПРОГРАМА



20:30ч.
**ШАЛАБАЈЗЕРС**



22:15ч.
**ИГОР ЏАМБАЗОВ И ГУРУ ХАРЕ**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

2020

2019

# ОДБЕЛЕЖАН ПРАВОСЛАВНИОТ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК СВ.„ТРИФУН“

Со симболичното закројување на виновите лози, денеска на плоштадот во Кавадарци беше одбележан големиот православен христијански празник Свети „Трифу‟, заштитникот на лозарите, овоштарите и градинарите.
Пред присутните граѓани и високите гости од владата и дипломатскиот кор, предводени од премиерот Оливер Спасовски, на плоштадот први зокроија градоначалникот Митко Јанчев и министерот за земјоделие  Трајан Димковски. кројачките ножици во раката ги почуствува и амбасадорката на САД во нашата земја Кејт Мари Брнз, како и неколкуте други гост од допломатскиот кор кои исто така закроиа прачки од виновите лози.
Претходно свештеници од кавадаречкото наместништво на МПЦ-ОА одржаа богослужба во чест на Свети „Трифун‟.
Во продолжение на посетата домаќинот Јанчев и високите гост  направија обиколка на десеттината штандови на локални вино производители кој ги претставија нивните  производи од грозје, како и штандот на кавадаречките жени пензионерки кои се претставија со кулинарски производи типични за кавадаречкото поднебје.

# НАСТАН
# СВ ТРИФУН 2020

2020

## ФОТОГРАФИИ ОД НАСТАНОТ























По повод чествувањето на празникот св. Трифун, Локален Музеј галерија се вклучи во програмата на Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци со отворање на традиционалната изложба на ликовниот уметник од Кавадарци Лазар Дојчинов. Презентирани беа 40 дела во акварел, акрил и масло на платно со познатата тематика со претстава на вино, лозје, грозје и други карактеристични елементи од нашето поднебје. Пред многубројната публика изложбата ја најави директорот на Музејот Весна Ѓорѓиева а за ликовното и биографско творештво говореа новинар - Мирјана Мукаетова, проф.- Горан Боев и д-р Виолета Димитрова - советник во Совет на Општина Кавадарци, која ја прогласи изложбата за отворена. Истата беше збогатена со поетско читање на поетесата Љубица Бошкова и прекрасни музички нумери од учениците од ООМБУ "Лазо Мицев - Рале" под менторство на проф. Горан Јанев.





# ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Повеќе од еден месец во Кавадарци функционира зонското паркирање. Вообичано, кога се воведуваат нови проекти , на почетокот бараат повеќе објаснувања и презентации за граѓаните се со цел да се разбире суштината на проектот и поволностите кои ќе произлезат од истиот. На почетокот службите на ЈП Паркинг Кавадарци постојано беа на терен , разговараа со граѓаните и им ги објаснуваа правилата и начинот на кој што ќе функционираат пораките за плаќање на паркингот како и грепките кои се како втора опција за да се плати паркинг.







Од досегашното функционирање на ЈП Паркинг можеме да забележиме дека граѓаните помалку ги користат грепките а повеќе СМС пораките. На дневно ниво се испраќаат илјадници пораки.
Придобивките од овој проект веќе после еден месец функционирање се видливи. Централното градско подрачје сега е растеретено од возила, има слободни паркинг места во секој период од денот и секојдневните обврски граѓаните можат навремено да ги извршуваат.
Во наредниот период ќе се решат и неколку прашања кои дополнително ќе го подобар овој проект.

Ј.П. ПАРКИНГ
P
ОПШТИНА
КАВАДАРЦИ
КАВАДАРЦИ



Депото ќе добие рампа за пристап со што ќе се контролира влезот на сите граѓани кои имаат закушено простор за гаража на ова депо. Затворените паркинзи во склоп на зонското паркирање исто така ќе добијат рампи. Како дополнителен паркинг простор, ќе добиеме на местото кај што се наоѓа Анот. Овој паркинг ќе значи дополнителни паркинг места во тој дел од градот.

По само еден месец функционирање проектот го оправдува своето воведување и реализацијата значи придобивка како за граѓаните така и за општината.

Општина Кавадарци продолжува да го менува својот лик.










## СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ ВО КАВАДАРЦИ СТАНА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО СО ГРАНТ ОД КРАЛСТВОТО НОРВЕШКА

Земјоделско-шумарското средно училиште „Ѓорче Петров“ во Кавадарци ја подобри својата енергетска ефикасност со грант доделен од Кралството Норвешка. Со извршените градежни работи на фасадата и покривот, значително се подобри енергетската ефикасност на училиштето изградено во 1956, а 290 ученици и вработени во училиштето добија подобри условите за работа и изведување на наставата.

“Задоволство ми е што денес во општина Кавадарци наш гостин е Амбасдаорот на Кралството Норвешка Г-динот Јерн Јелста, и што неговата прва работна средба во Република Северна Македонија е токму во Кавадарци.

Ваквите инвестиции кои водат кон зголемување на енергетската ефикасност, се од големо значење за нашата општина, затоа што придонесуваат кон заштеда на јавните финансии и нивно насочување кон подобрување на образовниот процес а исто така и кон здравјето на учениците и вработените.

Општината има намера континуирано да инвестира во проекти кои ја зголемуваат енергетската ефикасност во јавните институции и како следна фаза во оваа училиште планираме да ги заменеме постоечките светилки со енергетски ефикасни.

Голема благодарност и до Амбасадта на кралството Норвешка која во општина Кавадарци препозна парнер за заедничка реализација на овој проект, кој се реализира во партнерство и одлична соработка со канцеларијата на УНОПС во нашата земја за што сме посебно благодарни и очекуваме и понатамошна соработка на идни развојни проекти .“- рече Градоначалникот Јанчев.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ





Вкупната вредност на зафатите е 84,000 евра, од кои 80,000 евра се грант доделен од Норвешката амбасада, додека 4,000 евра се средства обезбедени од општина Кавадарци. Зафатите на училишната зграда вклучуваа инсталација на 1,200м2 енергетски ефикасна термо-изолациона фасада и промена на 1,500м2 азбестен покрив со нова, енергетски ефикасна конструкција. Се очекува овие подобрувања да овозможат до 35% намалување на сметките за искористена енергија, заштеда која ќе се искористи за дополнително подобрување на условите за настава во училиштето.

"Инвестициите во образование се можеби најважна инвестиција кој може да се направи. Затоа кога градиме нови училишта, кога реновираме стари училишта инвестираме во посигурен, подобар свет за сите нас. Ми претставува задоволство што Норвешка обезбеди поддршка на општина Кавадарци за подобрување на енергетската ефикасност на земјоделско-шумарското училиште. Оваа соработка ќе овозможи подобри услови за работа и учење за наставниците и учениците со позитивно влијание на животната средина и заштеда на финансиски средства," рече Н.Е. Јерн Јелста, амбасадор на Норвешка во Северна Македонија.

Работите на училиштето започнаа во ноември 2019 година, кои заради поволните временски услови непрекинато се спроведуваа во изминатите 4 месеци. Грантот за општина Кавадарци е еден од четирите грантови за инфраструктурни проекти доделени на четири општини преку проектот Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија спроведуван од Канцеларијата на Обединети нации за проектни услуги УНОПС.








Најд'гиот месец едвај го истераме, траеше 758 дена, лафам за Јануари, ама најкраткиот ни помина вака (праам ноа со прстите) иако ваа година Февруари е со плус еден ден, или народски кажано, престапна година е...
И стварно некако најнезабележително мине виа месец. Не дека нема активности низ град, има, ама сепак најтивок месец е. Најверојатно затоа шо не може да се соземе од претходниот му брат. У секој случај, го истераме, еве виќе и 3 март е, шо значи го начнаме женскиот месец. Е виа месец е прикаска за себе.
Ни у Домот на Културата имаме скоро секој ден активности, ќе имаме премиера на нова детска претстава, ќе се почне нова целовечерна за два дена, на големо ваа недела ќе се раздвиже градот заради денот на жената 8 март, кој ни (за жените од Балканот лафам) го славиме малку поинаку од како го замислиле на времето, ама па ни не би биле тоа шо сме ако не делиме од другите, нели? Тезгите на чаршијата се отворени виќе, и така ќе останат до 9 март, каде ќе се продаде цело цвеќе на светот.
Некои купуват цвеќе по дифолт, оти така треба, оти е 8 март. Некои купуат затоа шо они секогаш си купуат цвеќе на своите сакани, оти не е само 8 март ден на жената, да се разбериме. Мене барем ми е секој ден, ден на жената. Е сеа има и такви кои купат цвеќе затоа шо нешто а спукале работта со понежната половина, има и такви на кои жените му купуат цвеќе само да и потсетат итн итн. Како и да е, за 5 дена од денеска ка го пишам воа, градот ќе биде п'н со знајни и незнајни јунакињи, кои со торти на место фризури, ќе вриат по чајанките по градските кафиќи, кафани, ресторани...
А ни кои па ќе кажам, не ги почитуваме и сакаме жените само на 8 март, ќе бидиме малку понеактивни тиа ден, може и малку да поуживаме у моментите на „лудило“ кога баааааѓи ќе заборават да купат па трчат у последен момент, и после од 9 март натаму ќе си продолжиме со почитта кон припадничките на посилниот, поубавиот, повлијателниот и ногу ногу други по работи, пол и ќе си ги продолжиме активностите шо не чекат, а не чекат како шо кажав по бааѓи, барем мене, а за тоа следниот број...

Ву КОЦЕВСКИ

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**